Република Македонија
**НОТАР**
КРИСТИНА КОСТОВСКА
За подрачјето на основните судови
на градот Скопје
*Бул. "Гоце Делчев" бр.6*
2011-04-06

ОДУ бр.122/11 Книга 3
ИЗВОД

Јас, Нотар Кристина Костовска од Скопје, со службено седиште на бул. Гоце Делчев" број 6, денес на ден 06.04.2011 година (двеиљјадиидинаесетта година, месец април, ден шести) на писмено Барање број 03-696 од 01.04.2011 година на Генералниот Извршен Директор при ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Митко Димов, присуствував на Собранието на акционери на Акционерското Друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, со седиште на улица "Маршал Тито број 11-А, а кое се одржа на денешен ден во Скопје, во просториите на Хотел Александар Палас во Скопје, со почеток во 12:00 часот, при што согласно член член 73 од Законот за нотаријат (Службен весник на Република Македонија број 55/07) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**--------------------------------------------------

-------------------------**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**-----------------

--------------------------------**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:---------------------------

1. Тековна Состојба на Акционерското Друштво, издадена на ден 18.02.2011 год. под бр. 0806-11/5171/1 од која утврдив дека ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје со седиште на улица "Маршал Тито" број 11-А, е запишано во Трговскиот регистар при Единствениот Централен Регистер на Р.Македонија под Единствен матичен број на субјектот 4064526--------
2. Акционерска книга на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Од увидот утврдив дека истата е со состојба на ден 04.04.2011 година и дека се состои од 1 (еден) имател на приоритетни партиципативни акции, и 257 (двестепедесетиседум) иматели на обични акции, и истата содржи комплет податоци за имателите на акции, основната главнина на Друштвото е поделена на вкупно 139.752 акции, номиналната вредност на една акција изнесува 51.03 ЕУР, вкупниот номинален капитал од приоритетните партиципативни акции изнесува ЕУР 1.111.841,64 кои се без право на глас, а пак вкупниот номинален капитал од обичните акции изнесува ЕУР 7.131.544,56.-----------------------------------------------------------------
3. Јавен повик објавен во весникот "БИЗНИС" на ден 15.03.2011 година со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени акционери да присуствуваат на седница на Собранието на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје со седиште на ул.Маршал Тито бр.11-А, на ден 06.04.2011 година, со почеток во 12.00 часот, која ќе се одржи во Скопје, во просториите на Хотел Александар Палас.----------------------------------------
4. Статут на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје----------------------------------------------
5. Список на пријавени и присутни акционери за учество на Собранието одржано на ден 06.04.2011 година, кој содржи реден број, име и адреса на акционерот, број на акции, и потпис на акционерите, односно нивните полномошници. Од наведениот список утврдив дека на седницата се присутни 41 акционери физички лица како и 1 полномошник на правното лице Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје со седиште на ул.Маршал Тито бр.11-а, ИБ 04057465, кој е сопственик на вкупно 83461 обични акции, кои заедно прават збир од вкупно 42 (четириесетидва) акционери со вкупно 106.987 акции со право на глас, односно 76,55 % во однос на вкупниот број акции со право на глас кои изнесуваат 139.752.-----------------------------------------------------------------

Годишното Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје имаше чест да го отвори Викторија Насковска, претседавач избрана на претходното собрание. Таа ги поздрави присутните акционери и го отвори процедуралниот дел на дневниот ред со пристапување кон избор на Претседавач на Собранието како би можело Собранието

полноправно да донесува одлуки. Ги повика присутните да предложат кандидати за избор на нов претседавач. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од редовите на присутните акционери, беше предложена повторно Викторија Насковска, која претседаваше со минатогодишното акционерско собрание. Овој предлог беше прифатен едногласно од страна на акционерите. Претседавачот ја продолжи работата по втората точка од процедуралниот дел односно бирање бројач на гласови. Предлог беше даден тоа да биде акционерот Зоран Тодоровски, беше ставен истиот на гласање, па усвоен. Истакна дека јавниот повик за одржување на ова редовно Годишно Собрание на Друштвото истовремено и известување за предложениот дневен ред бил објавен на ден 15.03.2011 год. во весникот "Бизнис" а материјалите по точките од дневниот ред беа достапни во седиштето на Друштвото. Записничар и оверувачи на записникот нема да бидат избирани, со оглед дека Записникот на денешната седница ќе го води Нотар поради точката на дневен ред која предвидува избор на нови членови на органот на управување а кои податоци се запишуваат во Трговскиот Регистер. Предложи гласањето на ова Собрание да се одвива јавно, согласно чл.400 од ЗТД. Како што предвидува и чл.391 ст.4 од ЗТД, пред почетокот на Собранието, списокот на пријавените акционери го потпиша секој присутен акционер, односно полномошник претходно најавен од акционерот властодавач, со кој го пријавуваат своето присуство на ова собрание, кој список е потврден и потпишан од претседавачот и органот на управување на ова собрание со што се врши верификација на бројот на присутните акционери.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од увидот во списокот на акионерите, утврдив дека се присутни вкупно акционери кои претставуваат 106.987 акции и гласови што претставува 76,55 % од вкупниот број акции во акционерското друштво. По сумирањето на бројот на присутните акционери и бројот на нивните акции кои ги поседуваат, исходот е дека постои кворум за работа и одлучување на Собранието, бидејќи како што истакна и Претседавачот, присутни се 42 акционери со вкупно 106.987 акции со право на глас со што е исполнет условот присутни на Собранието да се мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, а согласно Статутот се бара и двотретинско мнозинство за некои од точките на дневниот ред па така и овој услов е исполнет, со што Собрнаието може да започне со работа. Со тоа се исцрпи процедуралниот дел од дневниот ред.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот исто така истакна дека со оглед на тоа да во законски определениот рок од моментот на свикување на седницата не се добиени барања за дополнување на дневниот ред со вклучување на нови точки во дневниот ред, за измена на некоја одлука по точките од предложениот дневен ред, констатира дека Собранието на денешната седница ќе работи по објавениот:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

..............................................................**ДНЕВЕН РЕД**...............................................................................

***Процедурален дел***

*Избор на претседавач на собранието*

*Избор на бројач на гласови*

***Работен дел***

*1.Разгледување и одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи, ревидирани од овластен ревизор, и годишниот извештај за работењето на Лотарија на Македонија АД Скопје за 2010 година, со Предлог-Одлуки.* -------------------------------------------------------

*2. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на Директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2010 година, со Предлог Одлука.*----------------------------------------

*3. Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог Одлука.*----------------------------------------------

*4. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЛОТАРИЈА на Македонија АД Скопје, со предлог Одлука.*--------------------------------------------------------

*5. Донесување на Одлука за избор на членови на Одбор на директори и определување лице кое ќе ја поднесе пријавата за упис во Централниот Регистар, со предлог Одлуки.*-----------

*6. Донесување на Одлука за определување на награда за неизвршните членови на Одборот на Директори, со предлог Одлука.*------------------------------------------------------------------

*7. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2011.*---------------------------
*8, Донесување на Одлука за исклучување од котација на Друштвото од Македонската Берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје, со предлог одлука.*-------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Беше ставен на гласање вака утврдениот дневен ред, по гласањето се констатира дека само еден акционер кој е имател на вкупно 182 акции, гласал "против", нема такви кои се воздржани а останатите присутни акционери кои претставуваат 106.805 гласа се изјасниле позитивно за усвојување на предложениот дневен ред, по што се констатира дека усвоен е дневниот ред за ова Собрание. По однос на ***првата точка од работниот дел на дневниот ред,*** Претседавачот потсети дека поради многуте новини кои ги предвидува ЗТД, материјалите за ова собрание беа достапни на увид на сите акционери уште од самиот ден кога е објавен јавниот повик за одржување на собранието, на веб страната на Лотарија на Македонија АД Скопје, и сите придружни обрасци и насоки како акционерот да пријави учеството и полномошник доколку сака, во печатена форма беа достапни до пред самиот почеток на ова Собрание. Претседавачот отвори претрес по оваа точка, а за дискусија се јави акционерот Ѓуро Маркоски кој е сопственик на 201 акции. Цитирајќи текст на извадоци на финансиските извештаи, потенцира дека при немање основна дејност не е новост што Друштвото не бележи резултати во работата. По однос на ставката "Приходи од игри на среќа" истакна дека во ситуација каде што не се организираат игри на среќа, ревизорот ги спомнува автоматите кои не спаѓаат во таа група на игри на среќа туку се тоа забавни игри, не би требало да бидат спомнати во оваа ставка. Единствено каде што друштвото бележи пораст во приходите во однос на оние прикажани минатата година – е во делот на приходот од закупнините. За збор се јави и акционерот Олгица Јовановиќ со вкупно 61 акции која истакна дека е во тек со работата на акционерското друштво, преку активно учество во изготвување на овие извештаи, истакна незадоволство од приходите од закупнина. При состојба на сопственост на објекти во одлична состојба на различни локации, смета дека овие приходи се многу мали. Упати препорака до новите членови на органот на управување повеќе внимание да обрнат на оваа проблематика. Материјалните трошоци смета дека се преголеми во однос на обемот на работа кој го има друштвото и кој е прикажан во извештаите. Генералниот извршен директор му појасни на акционерот Маркоски, дека играта со автомати спаѓа во групата на посебни игри на среќа а не забавни игри. По однос на извештаите подвлече дека се многу транспарентно прикажани, со сите позиции на биланс на успех, биланс на состојба, и на веб страната на друштвото. Финансискиот резултат прикажува, во 2009 год., имало 19 автомат клубови, а во 2010 год. 6 автомат клубови. Во првиот квартал на 2011 год., приходите се приближно исти како и оние од минатата година, ќе бидат во висина на минатогодишните. Приходите на ОНЕ производите се на висина на минатогодишните. Менаџментот треба да се фокусира на приходите од закупнините и да посвети поголемо внимание. Сите локали се на најдобри локации, добри деловни простории, но поради глобалната економска криза која се одрази и на висината на закупнините, дојдено е до актуелната состојба. Неиздадени се вкупно 19 локали. Делумно и поради економската криза, закупците ги откажуваат договорите за закуп, односно доставуваат барање за намалување на закупнината. Во делот на трошоците, паушалите се фиксни, најголемата ставка од нив е 40.000.000,00 денари, најголемиот дел од овие трошоци се рефактурираат за сите деловни објекти што се издаваат. Неотпишана вредност на продадени средства е втората по големина ставка на трошоци од 30.582.000,00, таа опрема е чувана неколку години со надеж дека ќе се добијат лиценци, но нејзината вредност опаѓа, дел од неа е продадена за да би се добиле ликвидни финансиски средства, подобро е да се продадат тие основни средства отколку да се чуваат. Оваа ставка ќе се појави во минорен износ оваа 2011 год. Имаме и непродадена стара опрема на залиха во магацините. Се потешко се наоѓаат купувачи, ограничен број на приредувачи на игри на среќа, па целта на фокусот на менаџментот е и да се намалат расходите. Потоа зема збор акцинерот Александар Најдоски со број на акции 101, се надоврза на дискусијата на Ген. Извршен Директор Митко Димов. Конкретното прашање на дискутантот се однесува на тоа дали има и колку има приход од издавањето под закуп на трите спрата на деловната зграда на ова акционерско друштво.. Извршниот директор одговори дека деловната зграда сеуште има слободни простории за

издавање, неколку пати се објавувани во дневни весници, понудени се на агенции за недвижности, но нема доволно инвестиции од страна на фирмите поради економската криза. Во поглед на висината од закупнините, смета дека тоа задира во делот на деловна тајна и не би требало да се сподели на ова Собрание. Сите односи со правните лица кои се сместени во зградата на акционерското Друштво, се регулирани со договори. Акционерите имаат право на увид во сите акти и деловни книги согласно чл.319 од ЗТД со исклучок на обелоденување на деловна тајна. Во врска со начинот на работење од посебните игри на среќа, односно автомати, за кои извештај од приходите добиени од нив е даден во материјалите за собранието, смета дека треба да се објасни принципот на работа со нив, на каков начин е организирана работата со нив, бидејќи повеќето од вработените кои беа задолжени за тој сектор преминаа во друга компанија, каде други се сопственици кои стопанисуваат со автоматите. Тој начин на работа не е непознат за акционерите, одговори Г-дин Димов, односно последните 15 – 20 год., наназад таа соработка со прозваните фирми се одвива преку склучени Договори за деловно техничка соработка. Приходите се на страната на Лотарија на Македонија АД Скопје во износ од 100%. Имаше прашање од акционер за тоа кој ја плаќа односно кој ја добива лиценцата за приредување на ваков вид игри на среќа од автомати. Сопственик на лиценците е Лотарија на Македонија АД Скопје, одговори Извршниот Директор. Согласно Законот за игри на среќа, тие лиценци се непреносливи, но сепак нови лиценци нема добиено. Имаше прашање за текот на постапката по тужба поднесена од страна на правната служба поради фактот што не беше продолжена лиценцата за приредување игри на среќа. Одговор беше даден дека се водат управни постапки, предметот е во фаза на вештачење. Тужбата се однесува на предмет надомест на штета причинета на друштвото, која е нанесена со лишење од организирање игри на среќа што е претежната дејност на нашата компанија. Генералниот Директор потсети дека постојат извештаи од рентабилност за секоја игра посебно, приходот од секторот ОНЕ се позитивни, од 350 продажни места, намалени се на 50 продажни места, затоа е и добивката намалена. Намалувањето на приходите оди паралелно со намалување на трошоците. Споредбено гледано 46.000.000,00 приход има во 2009 а 39.000.000,00 во текот на 2010 год. Акционерот Андреја Тоневски се јави за збор со вкупно 161 акции кој постави прашање за бројот на вработените во секторот за посебни игри на среќа и начин на контролирање на прометот преку уплатите. Беше даден одговор од Ген.Извршен Директор дека вработени се всушност раководството на компанијата, а прометот се надгледува преку инкасо, со електронско следење. Бидејќи се исцрпија прашањата по однос на оваа точка, претседавачот ги стави на дневен ред една по една. Најпрвин, се гласаше по однос на **одобрување на годишната сметка за 2010 год.** По сумирањето на гласовите, даден е следниот извештај: за донесување на одлуката за одобрување на годишната сметка за 2010 год., гласале акционери со претставени 104.708 гласа, додека "против" биле 2.279 гласа претставени на ова собрание. Претседавачот констатираше дека е усвоена одлуката.-------------------------------------------------------------------------

Се премина на гласање по **финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор.** Се констатира дека 104.708 гласа биле "ЗА" а 2.279 гласа "ПРОТИВ. Претседавачот објави дека е донесена и оваа одлука. Се премина на усвојување на одлуката за **Годишниот извештај за работењето на Лотарија на Македонија за 2010 год.,** по кое гласање беше востановена следната ситуација: 104.708 гласови "ЗА" а 2.279 гласа "Против". По усвојување на оваа точка, се премина на втората од дневниот ред односно **Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на Директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2010 година, со Предлог Одлука.** Претседавачот појасни дека оваа точка е тесно поврзана со следната точка каде предмет е одобрување на работата на членовите на Одборот на директори. Отвори претрес по материјалот. Немаше пријавено дискутанти, па веднаш се премина на гласање каде се констатира донесување на одлука со резултат од вкупно 104.708 гласа "ЗА" а 2.279 гласа "против". Следна на дневен ред е третата точка односно **Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог Одлука,** Претседавачот појасни дека се гласа за секој член одделно, по дадената можност за дискусија за која немаше пријавени, се премина на гласање најпрвин за одобрување на работата на членот на ОД – Виолета Татабитовска, неизвршен член – се констатира дека е

одобрена работата на овој член со вкупно 104.708 гласа “ЗА”, а против 2.279 . Се гласаше за претседателот на Одборот на Директори – Митко Димов, со вкупно 104.708 гласа “ЗА”, а против 2.279. Се гласаше за неизвршниот член на Одборот на Директори – Драган Наков, со вкупно 104.708 гласа “ЗА”, а против 2.279. Се гласаше за членот на Одборот на Директори и неизвршен член – Зоран Арнаудов, со вкупно 104.708 гласа “ЗА”, а против 2.279. Се гласаше за членот на Одборот на Директори и неизвршен член – Проф Д-р Александар Николовски, со вкупно 104.460 гласа “ЗА”, а против 2.527. По исцрпување на оваа точка, следуваше отворање дискусија по следната четврта точка **Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЛОТАРИЈА на Македонија АД Скопје, со предлог Одлука.** Од претседавачот следеше кратко образложение дека заради намалување на бројот на вработените и намалување на обемот на работа, се предлага намалување на бројот на членовите на Одборот на Директори и тоа од 5 на 3 члена. Немаше пријавено за збор па така веднаш се пристапи на гласање за кое се констатираше дека со апсолутно мнозинство од вкупниот број на присутни акционери на ова собрание односно со 106.987 гласа “ЗА” беше донесена Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Лотарија на Македонија. Следуваше претрес и гласање по наредната точка односно **Донесување на Одлука за избор на членови на Одбор на директори и определување лице кое ќе ја поднесе пријавата за упис во Централниот Регистар, со предлог Одлуки.** Истечен е мандатот на членовите на Одборот на Директори на претходниот состав, па затоа се предложени тројца членови, согласно претходно усвоената точка на дневен ред, добиена е предлог листа од доминантниот сопственик за кандидати за членови на Одборот на Директори, Митко Димов, Виолета Татабитовска и Драган Наков. За нив нема ограничување односно можат да бидат реизбрани. Немаше пријавено за збор. Се пристапи кон поединечно гласање: Се гласаше најпрвин за наредниот 6 годишен период за Г-дин Митко Димов во својство на извршен член – за негов избор гласале 106.114 додека против биле 873 гласа. Следно се гласаше за изборот на членот на ОД - Виолета Татабитовска за чиј избор гласале 106.488, додека против биле 499 гласа. На крај, се гласаше за Драган Наков за реизбор како неизвршен независен член на Одборот на Директори за чиј избор гласаа 106.598 а против беа 389 гласа. Согласно резултатите од гласањето, се утврди дека сите предложени се избрани за членови на Одборот на Директори кои ќе ја извршуваат својата функција во следниот мандатен период. Претседавачот на избраните членови им честита на изборот и им посака успешна работа во периодот што следи. За извршување на уписот во Централен Регистер за упис на членовите на Одборот на Директори, е задолжена Викторија Насковска.-----------------------------------------
Шестата точка на дневниот ред има за цел **Донесување на Одлука за определување на награда за неизвршните членови на Одборот на Директори, со предлог Одлука** – претседавачот отвори претрес. Немаше пријавени освен акционерот Андреја Тоневски кој предложи доколку е согласно прописите, заради економската состојба во која се наоѓа Друштвото, истите членови да се откажат од својата награда. Беше објаснето дека е тоа законска можност односно дека им следува награда. Се стави на гласање и оваа точка по кое гласање се утврди дека “ЗА” биле 104.415 додека “против” биле 2.572 гласа. Во врска со наредната точка **Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2011**, беше даден предлог и за наредната година да ја врши оваа услуга Ревизорската куќа “Боро и Љупчо” од Скопје. Ставена е одлуката на гласање бидејќи немаше дискутанти. Усвоена е одлуката за избор на истиот ревизор со вкупно 104.415 гласа “ЗА” и 2.572 гласа “против”. Како последна точка на овој дневен ред беше предвидено **Донесување на Одлука за исклучување од котација на Друштвото од Македонската Берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје, со предлог одлука**. Претседавачот отвори дискусија по која се јави генералниот директор Митко Димов кој објасни дека согласно ЗТД, почнувајќи од 01.01.2011 год. покрај другите измени, се воведува и Служба за внатрешна ревизија кај компаниите кои котираат на берзата на хартии од вредност. Со оглед на малиот број вработени, а со оглед дека оваа обврска ја наметнува потребата од вработување на нови лица, поради состојбата во која се наоѓа Друштвото сметаме дека нема никаква логика од друга страна исклучувањето од котација за Друштва со посебни обврски за известување. Со ова преминување во друга група, се олеснува работата на менаџерскиот тим, на ревизорските служби. Тоа не значи

дека нашето АД не се наоѓа на листата на компании кои тргуваат. Сите досегашни обврски на изготвување извештаи, информации, доделени на менаџерскиот тим остануваат и понатаму во сила. Предлагаме да се исклучи Друштвото од потенцијалниот Пазар на хартии од вредност, сметаме дека е рационален и корисен нашиот предлог. Повеќе од технички причини се предлага ова решение. Се постави прашање во меѓувреме околу плановите и стратегијата на Друштвото во иднина околу лиценците. На тоа Генералниот Директор одговори дека сите проекции биле врзани со основната дејност а тоа се игрите на среќа. Новиот Закон кој долго се очекуваше беше објавен пред 3 недели. Ќе се чека на дополнително објавување на сите подзаконски акти, кои ја регулираат попрецизно оваа материја. Тие акти во најскоро време треба да бидат објавени, да се види кои игри како би функционирале на пазарот. Друштвото не се откажало од организирање на игрите на среќа. Сите барања се доставени до Владата на РМ. Се пристапи кон гласање по кое се утврди дека сите присутни акционери едногласно со 106.987 гласа "ЗА" ја усвоија оваа предлог одлука. По исцрпувањето на дневниот ред седницата заврши во 13:00 часот.Врз основа на наведеното, а согласно член 71 од Законот за Нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 53/07), јас Нотар Кристина Костовска од Скопје, Бул."Гоце Делчев" број 6.-
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

......................................................**ПОТВРДУВАМ**......................................................

1. Дека на Седницата на Собранието на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје од вкупно 139.752,00 обични акции кој даваат право на глас се присутни акционери со број на акции кој даваат право на 106.987,00 гласа или 76.55 %, и постои кворум за одлучување на Собранието.----------------------------------------------------------------------------------------

2. За Претседавач на Собранието е избрана Г-ѓа Викторија Насковска за која гласале сите присутни акционери на денешното собрание со претставени 106.987,00 гласови.------------------

3. За Бројач на гласови едногласно е избран Зоран Тодоровски, со вкупно 76.55% од вкупниот број на акционери со право на глас присутни на ова Собрание.----------------------------

4. Дека Собранието на акционери ја донесе Одлуката за одобрување на годишната сметка за деловната 2010 година, Одлуката за одобрување на финансиските извештаи за деловната 2010 година и Одлуката за одобрување на годишниот извештај за работењето на Друштвото Лотарија на Македонија АД Скопје за 2010 година со вкупно 104.708 гласа "ЗА".----------------

5. На денешното собрание на акционери беше донесена Одлуката за одобрување на Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори со вкупно 104.708 гласа "ЗА"-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

6. Собранието на Акционери ја донесе одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на Директори за начинот на водење на Друштвото, за секој член поединечно и тоа: работата на неизвршниот член Виолета Татабитовска се одобрува со вкупно 104.708 гласа "ЗА", работата на извршниот член на Одборот на Директори и Генерален изршен Директор Митко Димов е одобрена со вкупно 104.708 гласови "ЗА"., работата на неизвршниот член Драган Наков се одобрува со вкупно 104.708 гласа "ЗА", одобрена е работата на неизвршниот член на Одборот на Директори Зоран Арнаутов со вкупно 104.708 гласа "ЗА"., а работата на неизвршен член Проф Александар Николовски со вкупно 104.460 гласа"ЗА".----------------------------------------------------------------------------------------------------

7. Со вкупно 106.987 гласови "ЗА" односно со апсолутно мнозинство на гласови кои беа претставени, Собранието на акционери ја донесе Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЛОТАРИЈА на Македонија АД Скопје.---------------------------------------------------

8. Собранието на акционери на денешното Собрание донесе Одлука за избор на членови на Одборот на Директори и тоа: Митко Димов во својство на извршен член со вкупно 106.114 гласови"ЗА"; Виолета Татабитовска за чиј избор гласале акционери кои претставуваат 106.488 гласа; Драган Наков за чиј избор гласаа акционери со вкупно 106.598 гласови "ЗА". Донесена е одука за определување на лицето Викторија Насковска за поднесување пријава за упис на новиот состав на Одборот на Директори на АД Лотарија на Македонија Скопје. --

9. Со вкупно 104.415 гласови "ЗА" донесена е Одлука за определување на награда за неизвршните членови на Одборот на Директори, во вид на месечна награда во висина на објавена просечно исплатена нето плата по работник во стопанството на Р.Македонија.-------

10. Се донесе со вкупно 104.415 гласови “ЗА” - Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2011 да биде ревизорската куќа “Б и Љ” од Скопје.--------------------------------------------------------------
11. Ова Собрание на акционери едногласно со 106.987 гласови ја донесе Одлуката за исклучување од котација на Друштвото од Македонската Берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје.--------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Нотарски акт-Записник кој лично го составив се состои од седум страници на седум листа, му го прочитав на Претседавачот и го предупредив на правните последици на оваа правна работа.----------------------------------------------------------------------

Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Нотарски акт во целост одговара на вистинската состојба.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник.--------------

Претседавач: Викторија Насковска **с.р**-----------------------------------------------------------------------

По составувањето на нотарскиот акт, издаден е еден Извод за Трговскиот регистар кој се води при Централниот Регистар во Скопје и Извод за ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.---------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 32 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.------------

Нотарската награда согласно член 41 т.г од нотарската тарифа е пресметана во износ од 10.000,00 денари и трошоци во износ од 500,00 денари.-----------------------------------------------

ОДУ бр. 122/11 Книга 3.-------------------------------------------------------------------------------------

Скопје, 2011 година, 04.06. (двеиљјадиидесетта година, месец април, ден шести).------------------

**Нотар Кристина Костовска**

Јас, НОТАР, **КРИСТИНА КОСТОВСКА**
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е втор извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ___ преписи од прилогот на нотарскиот акт.

Број: ОДУ 122/11

Во Скопје, 06.04.2011 година

НОТАР,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
КРИСТИНА
КОСТОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
КРИСТИНА
КОСТОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
КРИСТИНА
КОСТОВСКА
СКОПЈЕ